Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 345, 3 јуни 2024 година

јуни 2024 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО „МАКЕДОНЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА КРАЛСТВОТО СХС/ ЈУГОСЛАВИЈА, БУГАРИЈА И ГРЦИЈА (1919-1941)” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ВЕРИЦА ЈОСИМОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **3**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „СЕЛЕКЦИЈА И СЕМЕПРОИЗВОДСТВО ВО ПОЛЕДЕЛСТВОТО” ОД ВОНР. ПРОФ. Д-Р НАТАЛИЈА МАРКОВА-РУЖДИЌ И ПРОФ. Д-Р ВЕРИЦА ИЛИЕВА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **6**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „АДОЛЕСЦЕНТСКА КНИЖЕВНОСТ“ ОД ПРОФ. Д-Р ЈОВАНКА ДЕНКОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **12**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СОЦИОЛОГИЈА” ОД ВОНР. ПРОФ. Д-Р ДАНИЕЛА КОЦЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **15**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ТЕХНИКИ НА ЦРТАЊЕ” ОД АВТОР ВОН. ПРОФ. М-Р ЈОРДАН ЕФРЕМОВ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **21**

**РЕФЕРАТ**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПОСТИМПЛАНТАЦИСКИ И ПСИХОСОЦИЈАЛНИ ПАРАМЕТРИ ЗА ОЦЕНА НА ПРОГРЕСИЈАТА ВО КОМУНИКАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ КАЈ ДЕЦА СО КОХЛЕАРНИ ИМПЛАНТИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП** ........ **25**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3** ........ **31**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **31**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО „МАКЕДОНЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА КРАЛСТВОТО СХС/ЈУГОСЛАВИЈА, БУГАРИЈА И ГРЦИЈА (1919-1941)" ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ВЕРИЦА ЈОСИМОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1602-52/8 од 196. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, одржана на 20 мај 2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Стојко Стојков, редовен професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, избран во научната област средновековна историја и византологија, според меѓународната Фраскатиева класификација;
- д-р Оливер Цацков, вонреден професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, избран во научната област историја на Македонија и историја на најновиот век, според меѓународната Фраскатиева класификација

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„МАКЕДОНЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА КРАЛСТВОТО СХС/ЈУГОСЛАВИЈА, БУГАРИЈА И ГРЦИЈА (1919-1941)"** од **авторката вон. проф. д-р Верица Јосимовска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов **„МАКЕДОНЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА КРАЛСТВОТО СХС/ЈУГОСЛАВИЈА, БУГАРИЈА И ГРЦИЈА (1919-1941)"** припаѓа во научната област историја на Македонија (6.01.01.01) според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот **„МАКЕДОНЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА КРАЛСТВОТО СХС/ЈУГОСЛАВИЈА, БУГАРИЈА И ГРЦИЈА (1919-1941)" од вон. проф. д-р Верица Јосимовска** е наменет за студентите на прв циклус студии на студиската програма Историја и археологија, модул историја - наставна насока, на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Учебникот е конципиран и пишуван според наставниот план и програма за реализација на наставниот предмет Македонците во рамките на Кралството СХС/Југославија, Бугарија и Грција (1919-1941), кој студентите го изучуваат како задолжителен предмет во шести семестар, со седмичен фонд на часови (2+2+1) и со 6 ЕКТС.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на 120 страници, А4 формат – со проред: единечен, фонт Arial, со македонска поддршка и големина на буквите 11. Истиот е поткрепен со слики и табели кои ќе го олеснат процесот на учење и разбирање на предвидените содржини. Овој ракопис соодветствува според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија учебно помагало со слична тематика авторот има објавено скрипта со наслов „Македонците во рамките на балканските земји меѓу двете светски војни“ издадена во 2020 год. во коавторство со проф. д-р Тодор Чепреганов. Авторот сметал дека овој ракопис треба да ги вклучува знаењата од досегашното искуство во наставата и ги поврзува предавањата со вежбите, овозможувајќи значителен континуитет во совладувањето на наставните единици. Учебникот е надграден со теориски материјал, со слики, со изводоци од оригинални текстови, документи и дополнителна литература.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е во согласност со методологијата на научниот пристап на академското пишување, јазикот и стилот на пишување се јасни, разбирливи и конкретни за темите кои се опфатени. Библиографијата е систематски наведена, вклучува современа интернационална литература, како и домашни истражувачки библиографски единици.

Содржински учебникот е претставен во 6 поглавја со наслови и поднаслови. На крајот секое поглавје завршува со прашања за дискусија и избрани библиографски единици кои ќе и помогнат на студентите во проширување на информациите за темата и продлабочување на знаењата.

Првата глава со наслов *Версајска мировна конференција* ја прикажува работата на конференцијата и склучувањето на мировните договори со победените земји во војната. Особено е потенцирана моќта на големите сили, земји победнички, во содржината на мировните договори со кои се менува и политичката карта на Европа. Во посебен поднаслов е обработена меѓународната организација Друштво на народите, со нејзините програмски цели и активности во периодот меѓу двете светски војни.

Во втората глава авторката го обработува македонското прашање на Парискaта мировна конференција и пред Друштвото на народите. Прикажани се ставовите на големите сили во врска со одредувањето на државно-правниот статус на Македонија. Посебно внимание е посветено на активностите на македонската емиграција која преку апели, писма, статии во печатот, која го брани правото на македонскиот народ на национално самоопределување, втемелено врз сознанието за постоењето на самостоен културно-национален субјективитет.

Третата глава *Македонците во рамките на Кралството на СХС/Југославија* преку повеќе поднаслови ги прикажува општествено-економските прилики, политичките активности, просветните и здравствените состојби во делот на Македонија во рамките на Кралството на СХС/Југославија. Посебно е анализирана асимилаторската и денационализаторската политика на власта кон Македонците, изразена преку образовниот процес, аграрните реформи, практикувањето на насилничка политика, прогонување на носителите на национални манифестации и ослободителни стремежи.

Четвртата глава го опфаќа животот на Македонците и македонската емиграција во делот на Македонија во рамките на Бугарија. Македонската емиграција во Бугарија непосредно по војните која се доживувала како раководен фактор на македонското националноослободително движење во целина, но со текот на времето се интегрирала во постојните политички и државни структури на бугарската држава. Бугарските државни фактори, користејќи го македонското прашање за своите државни и партиски интереси, како и за ревизионистичките

цели во однос на Македонија го толерирала дејствувањето на ВМРО во границите на Бугарија, познато како „држава во држава“. Однесувањето на бугарската политика кон малцинските права на македонскиот народ (малцинство), во суштина, со ништо не се разликувала од односот на грчката и српската политика.

Петтото поглавје обработува содржини кои се однесуваат на положбата на Македонците во делот на Македонија во рамките на Грција. И покрај притисокот на Друштвото на народите за остварување на правата на малцинствата, Македонците биле изложени на изразена асимилаторска и денациолизаторска политика и непризнат

национален идентитет, демографски промени, процес на обезличување, на бришење на сè што носи македонско-словенско обележје, имиња на реки, на планини, локални топоними, забрана за користење на македонскиот јазик и терор што го спроведувала грчката власт.

Последната тема која авторот ја обработува во учебникот е Македонското националноослободително движење меѓу двете светски војни. Војните и поделбата на Македонија создале нови услови и престројување на революционерните сили во деловите на поделената земја. Македонското националноослободително движење доживеало тежок удар, разединето со различни концепции за иднината на Македонија, но често и инструмент во рацете на различни политички фактори.

На крајот од учебникот авторката приложила и литература која е користена во изработка на овој ракопис и истовремено да послужи како дополнителна информација на студентите кои имаат желба за проширување на своите сознанија.

Вака конципираната содржина на ракописот нуди голема можност за користење на овој материјал не само од страна на студентите, туку и пошироко од страна на поширока читателска публика која покажува интерес во проучување на оваа проблематика.

**ЗАКЛУЧОК**

Рецензентска комисија врз основа на горенаведената анализа смета дека поднесениот ракопис „Македонците во рамките на Кралството СХС/Југославија, Бугарија и Грција (1919-1941)“ е напишан според програмската содржина и обемот на предметот за којшто е наменет.

Авторката на овој труд применува современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект и ги следи општоприфатените стандарди и содржини за тоа како треба да биде конципиран еден учебник. Опфаќа научни и стручни содржини, кои со јасен и разбирлив стил ја обработуваат положбата и статусот на Македонците во периодот меѓу двете светски војни во деловите од Македонија во рамките на Кралството на СХС/Југославија, Бугарија и Грција и на студентите им нуди солидна основа за понатамошни анализи, проучувања и критички став кон оваа проблематика.

Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да ја прифатат позитивната рецензијата на овој учебник и го одобрат за негово користење.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Стојко Стојков, редовен професор, с.р.
Д-р Оливер Цацков, вонреден професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „СЕЛЕКЦИЈА И СЕМЕПРОИЗВОДСТВО ВО ПОЛЕДЕЛСТВОТО” ОД ВОНР. ПРОФ. Д-Р НАТАЛИЈА МАРКОВА-РУЖДИЌ И ПРОФ. Д-Р ВЕРИЦА ИЛИЕВА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-64/8 од 21.3.2024 година, на 226. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 21.3.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Соња Ивановска, редовен професор, Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, избрана во научната област генетика и селекција на растителното производство според меѓународната Фраскатиева класификација;
- д-р Драгица Спасова, редовен професор, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, избрана во научната област генетика и селекција на растителното производство според меѓународната Фраскатиева класификација

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**СЕЛЕКЦИЈА И СЕМЕПРОИЗВОДСТВО ВО ПОЛЕДЕЛСТВОТО**” од **вонр. професор д-р Наталија Маркова-Руждиќ** и **професор д-р Верица Илиева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „СЕЛЕКЦИЈА И СЕМЕПРОИЗВОДСТВО ВО ПОЛЕДЕЛСТВОТО” припаѓа во научната област *генетика и селекција на растителното производство* според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Селекција и семепроизводство во поледелството” од вонр. проф. д-р Наталија Маркова-Руждиќ и проф. д-р Верица Илиева е наменет за студентите на прв циклус студии на студиската програма Поледелство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, за предметот Селекција и семепроизводство во поледелството. Предметот Селекција и семепроизводство во поледелството е задолжителен предмет во седми семестар (четврта година), со 8 ЕКТС, 3+2+2, вкупен фонд од 240 часови на студиската програма Поледелство, на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Приложениот ракопис е во согласност и во целост ја опфаќа предвидената наставна содржина за предметот Селекција и семепроизводство во поледелството, согласно со предвидените часови за студиската програма на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот „Селекција и семепроизводство во поледелството” е напишан на македонски јазик на вкупно 164 страници, со 80 слики (фотографии и графикони) од кои 4 се оригинални фотографии на авторките, соодветно адаптирани од страна на авторките и 8 табели. Учебникот е систематизиран во 11 поглавја, конципирани согласно со наставната

содржина на предметот Селекција и семепроизводство во поледелството. Учебникот е пишуван согласно со Упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (ОИДК. ОБ.15.), напишан во А4 формат, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11, со проред 1,0. Цитирањето на автори е подготвено според АПА стил. Техничкото уредување на учебникот е на значително ниво и овозможува прегледност на изложениот материјал во целост. Како Рецензентска комисија сметаме дека обемот на учебникот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот „Селекција и семепроизводство во поледелството” претставува универзитетски прирачник во кој се опфатени целите и методите на селекцијата кај најзначајните поледелски култури кои се одгледуваат во нашата држава, како и нивното семепроизводството. Во светската литература, но и на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип постојат и се објавени учебници и учебни помагала од областа на селекцијата и семепроизводството. Сепак, доставениот универзитетски учебник со наслов „Селекција и семепроизводство во поледелството” од авторките вонр. проф. д-р Наталија Маркова-Руждиќ и проф. д-р Верица Илиева во целина претставува автентичен ракопис во којшто авторките на оригинален начин даваат преглед за анатомската и морфолошката градба на вегетативните и генеративните органи кај одредена култура, главните цели во селекцијата на културата, изворите на генетската варијабилност, методите на селекција, како и семепроизводството на економски најважните поледелски култури. Содржината во учебникот е приспособена согласно со претходните знаења кои ги имаат студентите на прв циклус студии, но истовремено е корисна и за студентите на втор циклус студии на студиската програма Селекција и семепроизводство и студентите на трет циклус студии на студиската програма Генетика и селекција на растителното производство на Земјоделскиот факултет, како и воопшто за сите оние кои се занимаваат со растително производство.

**Краток опис на содржината:** Авторките го започнуваат учебникот „Селекција и семепроизводство во поледелството” со предговор во кој се дефинирани главните цели и задачи на учебникот и со податоци за содржината и намената на ракописот. Во делот Содржина јасно се прецизирани 11 поглавја.

**Поглавје 1**. Првото поглавје од учебникот е Вовед и истото е поделено на два дела. Во првиот дел авторките даваат дефиниција за тоа што претставува селекцијата на растенијата и хронолошки накратко објаснуваат што претставувала селекцијата во минатото, односно како се развивала селекцијата низ годините. Во овој дел авторките ги дефинираат главните цели и задачи на селекцијата. Знаејќи дека последниот продукт во процесот на земјоделското растително производство кај одредена култура претставува приносот на зрно, авторките посветуваат внимание и на дефинирање на приносот, на факторите коишто влијаат врз него и начинот на наследувањето на истиот. Освен приносот на зрно, како главна цел во селекцијата на растенијата, авторките ги набројуваат и другите цели, како што се селекцијата за отпорност кон неповолни абиотски и биотски фактори и селекцијата за постигнување на повисок квалитет на зрно. Првиот дел авторките го завршуваат со поделба на селекцијата на општа и специфична селекција и со поврзаноста на селекцијата со другите науки. Во вториот дел од

воведот, авторките ставаат акцент на семепроизводството кое има исклучително значење за создавањето и ширењето на новите сорти преку производство на семе од различни категории. Авторките ги наведуваат основните фактори од кои зависи квалитетното растително производство, како и системот од мерки кои го детерминираат семепроизводството на одредена култура. Воведот го завршуваат со утврдување на план за семепроизводство, со етапи за производство на соодветните категории на семе.

**Поглавје 2**. Второто поглавје авторките го посветуваат на пченицата (*Triticum aestivum* L.), која претставува водечка житна култура во светот согласно со засеаните површини и вкупното производство. Во првиот дел од ова поглавје, авторките даваат информации за површините, производството и приносот на зрно кај пченицата на глобално ниво и на ниво на нашата држава во последните пет години. Преку изнесување на информации за потеклото на пченицата и систематската припадност, авторките ја објаснуваат анатомската градба на вегетативните и генеративните органи кај пченицата. Јасно се дефинирани и целите на селекција кај пченицата, како и наследувањето на својствата. Посебен акцент е ставен на селекцијата за принос на зрно, селекцијата за отпорност кон полегнување, селекцијата за отпорност кон ниска температура, селекцијата за отпорност кон болести и штетници и селекцијата за квалитет на зрно. Авторките ги објаснуваат и методите на селекција кои се применуваат кај пченицата. Второто поглавје го завршуваат со производството на семе од пченица, наведувајќи ги и најзначајните интродуирани и домашни сорти кои наоѓаат примена во производството на пченица во нашата држава.

**Поглавје 3**. Авторките на учебникот во третото поглавје пишуваат за јачменот (*Hordeum vulgare* L.), кој се вбројува во групата на четирите најзначајни житни култури во светот. На почетокот од поглавјето се изнесени информации за широката примена, распространетоста и производството на оваа житна култура во Република Северна Македонија во периодот од 2018 до 2022 година. Преку цитирање на истражувачи е наведен примарниот центар за потекло на јачменот, систематската припадност, како и поделбата на културниот јачмен на двореден, четиридреден и шестореден. Понатаму, објаснета е анатомската и морфолошката градба на коренот, стеблото и листот, како и градбата на репродуктивните органи. Како главни цели во селекцијата на оваа култура, авторките ги набројуваат селекцијата за принос на зрно, селекцијата за отпорност кон неповолни абиотски и биотски фактори и селекцијата за квалитет на зрно. Од методите на селекција кај јачменот се издвоени методот педигре, методот на повратно вкрстување и рекурентната селекција. Третото поглавје авторките го заокружуваат со производството на семе и категориите на семе од јачмен.

**Поглавје 4**. Оризот (*Oryza sativa* L.) е житна и економски значајна култура која е детално обработена во четвртото поглавје. Оваа култура според приносот на зрно на единица површина го зазема првото место, а според вкупното производство и вкупно засеаните површини се наоѓа на второ место, веднаш по пченицата. Авторките на учебникот даваат јасен преглед за таксономијата на оризот, поделбата на диви и културни видови, како и за поделбата на културниот вид ориз на подвидови. Преку употреба на слики се објаснети главните морфолошки разлики помеѓу трите типа на ориз (*indica*, *javanica* и *japonica*), како и нивната дистрибуција на светско ниво. Темелно е презентирана и анатомската градба, како на вегетативните, така и на генеративните органи кај оризот. Според

авторките, во нашата држава производството на ориз во целост ги задоволува потребите од оваа култура на домашниот пазар, а значаен дел од овој производ учествува и во трговската размена со соседните земји. Во делот во кој се опишани целите на селекцијата и наследувањето на својствата кај оризот, се наведени општите цели за создавање на подобри сорти ориз, односно зголемување на потенцијалот за постигнување на висок и стабилен принос и квалитет на зрното. Процесот на добивање карго и бел ориз од арпата е претставен илустрирано, како и факторите кои влијаат врз квалитетот на оризот. Авторките ги објаснуваат и најчестите методи на селекција кај оризот, а на крај од ова поглавје пишуваат за производството на различните категории на семе и за застапените сорти ориз во производството кај нас.

**Поглавје 5**. Во петтото поглавје авторките пишуваат за овесот (*Avena sativa* L.) којшто е уште една важна житна култура. Иако во последните пет години производството и приносот на овесот во нашата држава бележат тренд на умерено намалување, сепак оваа култура се смета за „*житарка на иднината*", пред сè поради добриот аминокиселински состав, растителните влакна, витамините и биоактивните соединенија, како што се фитинската киселина и фенолите. Во поглед на таксономската класификација, наведени се фамилијата, родот и најзначајните културни и диви видови овес. Објаснета е градбата на коренот, стеблото, листот и детално е опишана градбата на метличката и клавчињата. Даден е преглед и за анатомската градба на зрното, како и за хемискиот состав на зрното. Како основни цели во селекцијата на овесот, освен зголемувањето на приносот на зрно, авторките ги набројуваат и селекцијата за отпорност кон ронење на зрната, селекцијата за скратување на должината на вегетацијата, селекцијата за отпорност кон болести и селекцијата за подобрување на квалитетот на зрното кај одделни сорти. Во делот *Методи на селекција кај овесот*, авторките детално и илустрирано ги објаснуваат постапките при хибридизација, како најважен метод за селекција на овесот. Петтото поглавје завршува со преглед на семепроизводството на овес.

**Поглавје 6**. Авторките на учебникот шестото поглавје го посветуваат на ʽржта (*Secale cereale* L). Во почетниот дел од ова поглавје е даден преглед за високата нутритивна вредност што ја има оваа житна култура, нејзиното потекло и систематска припадност. Објаснета е градбата на вегетативните и генеративните органи, дефинирани се општите и специфичните цели на селекција и наследувањето на својствата. Бидејќи ʽржта е странооплодна култура, за разлика од културите што се опишани во претходните поглавја, авторките ставиле посебен акцент на селекциските методи без контрола и со контрола на оплодувањето, полиплоидијата и рекурентната селекција. Ова поглавје авторките го завршуваат со делот за производство на семе од различни категории (предосновно, основно и сертифицирано).

**Поглавје 7**. Пченката (*Zea mays* L.) е последната житна култура за која пишуваат авторките во овој учебник. Според референците кои се наведени во учебникот, на глобално ниво, според вкупното производство на зрно и засеаните површини пченката се наоѓа на трето место меѓу житарките и незначително заостанува само зад пченицата и оризот. Во ова поглавје е даден табеларен преглед за засеаната површина, производството и приносот од оваа култура во нашата држава во последните пет години. Детално, преку различни хипотези, е објаснет механизмот за потеклото на пченката. Сликовито е презентирана градбата на вегетативните органи, како и градбата на машките и женските

цветови. Дефинирани се главните цели на селекција, односно каков би требало да биде идеалниот хибрид, но наведени се и специфичните селекциски цели за оваа култура. Објаснети се постапките и можностите за меѓувидова и меѓуродова хибридизација, мутагенеза, како и постоењето на установи кои располагаат со голем фонд на растителни ресурси. Освен класичните методи кои се користат во селекцијата на пченката, авторките ги набројуваат и новите биотехнички методи, како култура на ткиво, суспензија на клетки и генетски инженеринг, како и начините за добивање на дволиниски, трилиниски, четирилиниски и сложени хибриди. Седмото поглавје завршува со постапките за воведување на нови хибриди во производството и одржувањето на семето од пченка.

**Поглавје 8**. Хелдата (*Fagoryrum esculentum* Moench) претставува стара поледелска култура која авторките ја разработуваат во осмото поглавје. Во воведниот дел од ова поглавје авторките врз основа на користените референци го истакнуваат антиоксидативното и антиинфламаторното дејство на оваа безглутенска култура. Имајќи го предвид хемискиот состав на зрното, авторките ги набројуваат здравствените придобивки од консумирањето на хелда во исхраната. Наведени се сличностите, но и разликите помеѓу зрното од хелда и зрното од житните култури, како и поделбата на родот *Fagopyrum* на повеќе видови од кои само три вида се застапени во производството: *Fagopyrum cymosum* Meisn. (перена), *Fagopyrum tataricum* Gaertn. (татарска хелда) и *Fagopyrum esculentum* Moench. Потоа следи објаснување на анатомската градба на вегетативните и генеративните органи, а потенцирани се и најзначајни цели на селекција кај хелдата (висока и сигурна продуктивност, селекција за отпорност кон полегнување и болести и селекција за квалитетно зрно). Сликовито е презентиран начинот на наследување на својството диморфност на цветовите, наведени се главните извори на генетска варијабилност и методите на селекција. Поглавјето завршува со делот за признавање на сорти и одржување на основно семе од хелда.

**Поглавје 9**. Во деветтото поглавје авторките пишуваат за сончогледот (*Helianthus annuus* L.) кој претставува значајна маслодајна култура. Во ова поглавје се изнесени важни информации поврзани со сончогледовото масло, неговиот состав и примена. Наведен е центарот кој се смета за примарен во однос на потеклото на сонголедот и неговата распростанетост на светско ниво. Даден е преглед за најзначајните видови од родот *Helianthus* како и за постоењето на диплоидни, тетраплоидни и хексаплоидни форми на сончоглед. Објаснета е градбата на вегетативните и генеративните органи и дефинирани се главните цели во селекцијата на оваа култура. Соопштени се резултати на истражувачи кои работат во правец на подобрување на приносот на зрно и наведени се факторите кои директно и индиректно влијаат врз ова својство. Според авторките, освен приносот на зрно, во селекцијата на сончогледот важна цел претставува и приносот на масло. На крајот од поглавјето се посочени најчесто користените методи на селекција кај сончогледот и производството на семе.

**Поглавје 10**. Претпоследното поглавје од учебникот е посветено на сојата (*Glycine max* (L.) Merr.). Во воведниот дел од ова поглавје авторките пишуваат за значењето на оваа култура во исхраната на човекот, најзначајните индустриски производи добиени од сојата, како и за агротехничкото значење на оваа мешункаста култура. Објаснето е потеклото на сојата и нејзината распространетост. Детално е разработена анатомската градба на вегетативните и генеративните органи кај сојата, проследено со илустрација на најзначајните стадиуми од развојот.

Наведени се главните цели во селекцијата на сојата и изворите на генетска варијабилност. Презентирани се и методите на селекција кои се користат кај сојата: методот педигре, методот на потомство на едно семе и рекурентната селекција. Пред крајот на ова поглавје преку графикони е претставен приносот на зрно во зависност од примената на различни методи на селекција. Ова поглавје завршува со информации поврзани со семепроизводството на соја и сортиментот во нашето производство.

**Поглавје 11**. Последното поглавје авторките го посветуваат на конопот кој претставува култура со широка примена во текстилната индустрија и медицината. Посебен акцент е ставен на составот и употребата на семето од конопот. Даден е преглед за таксономската припадност на конопот, а наведени се и разликите помеѓу трите најзастапени видови. Авторките илустрирано ја објаснуваат анатомската и морфолошката градба на вегетативните и репродуктивните органи. Јасно се дефинирани и целите на селекција (создавање на растенија кои ќе имаат квалитетни влакна, повисока содржина на канабидиол, квалитетно масло богато со омега масни киселини и висока отпорност кон полегнување). Во делот *Методи на селекција* авторките пишуваат дека кај конопот најчесто се применуваат методите масовна селекција и рекурентна селекција. Ова поглавје завршува со информации поврзани со производството на семе, како и постоењето на законска регулатива во однос на производството и дистрибуцијата на семе од коноп.

Учебникот „Селекција и семепроизводство во поледелството" завршува со референци од цитираната литература, како и од користените интернет-страници.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот „Селекција и семепроизводство во поледелството" од вонр. проф. д-р Наталија Маркова-Руждиќ и проф. д-р Верица Илиева претставува јасен и разбирлив ракопис наменет првенствено за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет на студиската програма Поледелство, како и за студентите на другите студиски програми на Земјоделскиот факултет, но и за сите научни, стручни и професионални субјекти од областа на селекцијата на растенијата, семепроизводството и земјоделското производство воопшто.

Авторките на учебникот прегледно и доследно ги изложиле значајните концепти во областа на селекцијата и семепроизводството за економски најзначајните поледелски култури кои се одгледуваат во нашата држава. Воедно, ракописот во целост е подготвен согласно со правилата и критериумите за објавување на платформата е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет учебникот со наслов **„Селекција и семепроизводство во поледелството"** од **вонр. проф. д-р Наталија Маркова-Руждиќ** и **проф. д-р Верица Илиева** да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Соња Ивановска, редовен професор, с.р.
Д-р Драгица Спасова, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „АДОЛЕСЦЕНТСКА КНИЖЕВНОСТ“ ОД ПРОФ. Д-Р ЈОВАНКА ДЕНКОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1902-115/5 од 284. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 15.5.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Блаже Китанов, редовен професор во пензија, биран во научните области *книжевност за деца (6.02.02.27), народно поетско творештво (6.05.02), методика на наставата по македонски јазик (6.02.01.32), историја на книжевностите на јужнословенските народи (6.02.02),* според меѓународната Фраскатиева класификација;
- д-р Ранко Младеноски, редовен професор на Филолошки факултет при УГД - Штип, избран во наставно-научните области *теорија на книжевноста* (61207) и *македонска книжевност XX век* (61202) според меѓународната Фраскатиева класификација

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„АДОЛЕСЦЕНТСКА КНИЖЕВНОСТ“** (6.02.02.27) од проф. д-р Јованка Денкова**,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Ракописот со наслов „АДОЛЕСЦЕНТСКА КНИЖЕВНОСТ“ припаѓа во научно подрачје *хуманистички науки*, научно поле *јазици и книжевност*, научно потполе *книжевност*, научни области *македонска книжевност* (6.02.02.01) и *друга книжевност (*6.02.02.27) според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот има наслов „Адолесцентска книжевност“ е наменет за студентите на прв циклус студии на Катедрата за македонски јазик и книжевност. Овој учебник е наменет за истоимениот предмет – Адолесцентска книжевност, кој во моментов се слуша во петти семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1, 4 ЕКТС кредити. Во новата студиска програма на Катедрата за македонски јазик и книжевност, предметот Адолесцентска книжевност е задолжителен предмет во седми семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1.

Приложениот ракопис сосема е во согласност со наставната програма и сосема ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот има 188 страници и пишуван е во А4 формат, со единечен проред, употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11. По воведот се дадени две поглавја. Првото поглавје - *Книжевно-теориски осврт кон адолесцентската книжевност* содржи три прилози, а второто поглавје – *Литературни раскопки* содржи 26 прилози. Рецензентите констатираа дека приложениот ракопис и по обемот и по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови по предметот Адолесцентска книжевност

и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Рецензентите констатираа дека учебник со оваа проблематика не е објавен до сега на просторот на РС Македонија. Потребата од воведување на предметот Адолесцентска книжевност (првично како изборен предмет, а во новата студиска програма на Катедрата и како задолжителен предмет) се поклопува со сѐ поголемата криза во читањето кај младите генерации. Притоа, треба да се одговори на барањата на младите/адолесцентите за читање и разговарање за литература која е во согласност со нивните интереси и современи движења. Оттука, авторот на приложениот ракопис смета дека неопходна потреба е на Катедрата за македонски јазик и книжевност да се едуцираат кадри кои во иднина ќе ги заинтересираат учениците за читањето, за книгата, со материја која им е блиска.

**Краток опис на содржината:** Во ракописот се поместени две поглавја.

По воведот следи првото поглавје кое претставува „Книжевно-теориски осврт кон адолесцентската книжевност". Во него се поместени три прилози, во кои авторот на ракописот се обидува критички да одговори на прашањата поврзани со појавата на адолесцентската книжевност, како и со многубројните дефиниции кои постојат за овој жанр. Вториот прилог во првото поглавје говори за карактеристиките на адолесцентската книжевност и што е она што ја разликува од книжевноста за деца, но и книжевноста за возрасни. Третиот прилог во првото поглавје ги елаборира најчестите теми кои можат да се сретнат во адолесцентските книжевни дела.

Вториот дел од ракописот е насловен како „Литературни раскопки" и во него има 26 прилози. Низ овие прилози авторот на ракописот се осврнува низ претходно споменатите теми, мотиви, карактеристики на жанрот и сето тоа се експлицира преку книжевни дела од автори од постарата, но и од поновата книжевна македонската литература и еден автор од српската книжевна продукција за адолесцентите: Оливера Николова, Глигор Поповски, Велко Неделковски, Јасминка Петровиќ, Венко Андоновски, Весна Ацевска, Јагода Михајловска-Георгиева, Ката Мисиркова-Руменова, Горјан Петревски, Дамјана Видическа и др. Низ делата на сите овие автори, авторот на ракописот ги разгледува и најчестите теми кои се среќаваат во нив, а кои се однесуваат на современиот живот на младите адолесценти (дрога, алкохол, пушење, малолетничка деликвенција, темата на болестите и смртта кај младите и како ја доживуваат загубата на блиско лице, врсничкото насилство итн.).

На крај е дадена библиографијата со сите корисни референци кои можат да им помогнат на студентите за понатамошно проучување на жанрот.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „Адолесцентска книжевност" од проф. д-р Јованка Денкова, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидени за предметот Адолесцентска книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секоја глава, односно видот на прашањата и вежбите овозможуваат успешно следење и совладување на материјалот од наставната дисциплина за којашто е наменет. Исто

така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронски учебник според Правилникот за единствени услови за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ракописот со наслов „Адолесцентска книжевност“ од проф. д-р Јованка Денкова да го прифати за објавување како рецензиран електронски учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Блаже Китанов, редовен професор во пензија, с.р.
Д-р Ранко Младеноски, редовен професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СОЦИОЛОГИЈА” ОД ВОНР. ПРОФ. Д-Р ДАНИЕЛА КОЦЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1602 – 52/4 од 196. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 20.5.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Марија Ташева, редовен професор, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, избрана во научната област според меѓународната Фраскатиева класификација во општа социологија и социологија на етничките групи;
- д-р Страшко Стојановски, редовен професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, избран во научната област според меѓународната Фраскатиева класификација во социологија на политиката и социологија на етничките групи

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Социологија” од **вонреден професор д-р Даниела Коцева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „Социологија” припаѓа во научната област општа социологија според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Социологија“ е наменет за предметот Социологија на образование кој се слуша во втор семестар на студиските програми Предучилишно воспитување, Одделенска настава и Педагогија, со неделен фонд на часови 2+2+1. Приложениот материјал претставува една заокружена целина, конципирана и пишувана според наставната програма, опфаќајќи ја во целост наставната материја за студиските програми за која е наменет, преку кој студентите ќе ги добијат потребните сознанија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи 261 страница. Трудот е пишуван во А4 со единичен проред, а употребен е фонт Arial, големината на буквите е 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е создаден врз основа на потребата од учебник што ќе им овозможи на студентите да стекнат теоретски знаења за потеклото и развојот на идеите и основните поими во социологијата. Ова помагало има за цел да понуди разбирање за современите насоки во оваа област, особено за оние кои се занимаваат со проучување на општествените феномени. Преку употреба на различни методи, техники и показатели се овозможува увид во тоа како овие поими се развиваат, еволуираат

и каква улога имаат во современиот живот. Материјалот обработен во учебникот има големо теоретско и практично значење, не само за студентите, туку и за сите кои се заинтересирани за оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Содржински, трудот е конципиран во тринаесет посебни глави, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма.

Првата глава поаѓа од појмовното определување на поимот социологија, следејќи го развојот на мислата за општеството уште пред појавата на социологијата, од античката мисла за општеството, преку средновековната, па сè до општествената мисла на модерното време. Во оваа глава е поставена појавата на социологијата како самостојна научна дисциплина, анализирајќи ги учењата и теориите на познатите социолози врз чии дела, учења и теории се темели социологијата. Овде се опфатени Огист Конт, познат по својата позитивистичка филозофија и како „таткото на социологијата", еволуционизмот на Херберт Спенсер, кој ја гледа социологијата како органски систем, психолошките теории на социолозите, како што е Чарлс Кули, Емил Диркем со својата анализа на социјалната солидарност и аномијата, Марксовата теорија за класната борба и материјалистичкиот концепт на историјата, како и теориите на социолозите Фердинанд Тенис, Георг Зимел и Леополд фон Визе. Теоретската мисла и дилемите во современата социологија се исто така дел од првата глава, каде што е даден и детален опис на теоретските ориентации во социологијата – функционализам, структурализам, теорија на конфликт, симболички интеракционизам и новите социолошки теории, следејќи го нивниот историски тек и развој.

Во оваа глава е анализиран и односот на социологијата со другите општествени науки, како што се психологијата, антропологијата, економијата, политичките науки и историјата, од кои социологијата црпи и дава соодветни сознанија.

Втората глава е посветена на научните методи кои се користат во социологијата за доаѓање до научно сознание. Овде е дефиниран поимот метод, неговите основни карактеристики и елементи, како и најчесто употребуваните методи во социолошките истражувања. Специфичен осврт е даден на различните истражувања и целокупната методолошка постапка. Детално се објаснети методот на набљудување, експериментот, монографскиот метод, статистичкиот метод, компаративниот метод, социометријата, како и техниките за прибирање на податоци: анкета, интервју, прашалник и нивните предности и слабости.

Третата глава поаѓа од терминолошкото определување на поимот општество, различните определби на овој поим, но и неговото значење за човековата егзистенција. Оваа глава ги разгледува различните перспективи на општеството, објаснувајќи го нивното значење за нашето разбирање на општествените структури и процеси.

Четвртата глава се однесува на основниот социолошки феномен, а тоа е културата, нејзините видови, функции и елементи. Анализата на културата продолжува низ културните универзалии и разлики, како и новите ставови на етноцентризам и културен релативизам. Во овој дел се опфатени и новите концепти на разбирање на културата, како што се детериторијализација, транскултурација, креолизација, синкретизам и културна хибридизација, па сè до космополитизам. Акцент е ставен на супкултурата, контракултурата, масовната,

но и потрошувачката култура што се базира на вредности што произлегуваат од парите.

Во петтата глава се анализира влијанието на културата, комуникацијата и масовните медиуми врз општеството. Претставувањата и содржините во медиумите, вклучувајќи и различни видови насилство и дискриминација, се централни теми. Исто така, се истражува улогата на медиумите во надминување на културните разлики, етничките предрасуди и стереотипи, како и во градењето на мир и толеранција.

Оваа глава ги истражува комплексните односи помеѓу културата, комуникацијата и масовните медиуми, како и нивното значење за обликување на перцепциите и однесувањето во општеството.

Во понатамошната шеста глава се анализира процесот на социјализација, вклучувајќи ги неговите компоненти и етапи, како и влијанието на различните чинители врз овој процес. Семејството, училиштето, групите на врсници и масовните медиуми се идентификувани како важни фактори кои влијаат на процесот на социјализација. Родителите и воспитувачите, учителот, врсниците и медиумите играат клучна улога во пренесувањето на културни и социјални норми, како и во развивањето на социјалните вештини кај индивидуите. Оваа глава ги истражува сите аспекти на социјализацијата и нивното влијание врз формирањето на индивидуалниот и колективниот идентитет.

Во седмата глава се истражува концептот на општествената девијација, како и причините за нејзиното настанување. Особен акцент се става на значењето на општествената контрола за спречување на девијацијата. Во оваа глава се воведуваат и анализираат различни видови на девијации, како и социопатолошките болести кои се карактеристични за современото општество. Преку деталната анализа на овие аспекти се разработени причините и последиците на девијацијата врз општеството, како и начините на нивно контролирање и намалување.

Во осмата глава се разгледуваат различните облици на општествена интеракција, како што се размената, соработката, натпреварот, конфликтот и принудата. Секој од овие облици има свои карактеристики и последици врз меѓусебните односи во општеството. Особено се истакнува важноста на општествената интеракција во секојдневната комуникација, бидејќи преку неа луѓето ги развиваат своите социјални вештини, го формираат својот идентитет и ги обликуваат односите со другите. Оваа глава претставува детална анализа на различните начини на меѓусебна интеракција и нивното значење за функционирањето на општеството.

Во деветтата глава е ставен акцент на статусот и улогата што поединците ги имаат или играат во општеството. Како се постигнува еден статус, а како се пропишува и, што е најважно, какви улоги играат луѓето во општеството, но и какви улоги општеството им наметнува на луѓето. Улогите се анализираат и од аспект на полот и возраста.

Следната десетта глава се однесува на општествената стратификација, елементите на раслојување, моќ, богатство, престиж и типовите и облици на општествените слоеви.

Осврнувајќи се два основни теориски пристапи и три основни модели за објаснување на вертикалната структура на општеството. Во континуитет се анализира и терминот општествена мобилност и различните видови кои постојат

во современото општество. Особено внимание е посветено на образовната мобилност. Во современите општества, образованието станува еден од најважните канали за општествената мобилност, бидејќи знаењето што се стекнува преку образованието станува важен извор на општествена мобилност.

Во единаесеттата глава се дава осврт на општествените институции, тргнувајќи од примарната институција семејството. Од терминолошко определување на семејството низ теоретските социолошки ориентации до утврдување на видови на семејства и нивната функција во општеството. Бракот како институција, видовите на брак, но и современите разгледување за тоа дали е во изумирање со оглед на зголемениот број на разводи.

Втората институција е религијата каде што преку терминолошко определување, приказ на нејзиниот историски развој, до утврдување на нејзините компоненти и општествени функции, посебен приказ се дава на религиските вредности, но и на термините секуларизација и сакрализација. Во овој дел акцент е ставено и на современата религиозност, њу-ејџ движења и можноста од злоупотреба на религијата за фундаменталистички и терористички цели. Политичките институции од терминолошко и историско утврдување до значењето, функциите и теориите за настанокот на државата како најголема политичка институција, облици на власт и владеење, политичките партии и нивната структура, што значи терминот правна држава, парламент и парламентаризам. Во оваа глава се опфатени и економските институции со цел да го истакнеме значењето на економијата во современото општество, треба да имаме на ум дека човекот, како општествено суштество, функционира во општествени заедници каде што ги задоволува своите животни потреби. Независно од примитивните или развиените форми на заедници, производството на материјални добра и услуги е основен процес кој ги овозможува овие заедници да опстанат и да се развиваат. Посебен акцент во оваа глава се става на образовните институции. На значењето на образованието како процес, целта и видовите на образование, како и функции кои образованието ги исполнува латентно и манифестно. Направена е анализа на бројни социолошки теории низ кои се претставени погледите и размислувањата за образованието во различни контексти. Образованието низ теоретските социолошки ориентации, како што се функционализмот, конфликтните теории, интеракционизмот. Промени и воведување на религиското образование во образовниот систем, односот на општеството и образованието, образовни и општествени вредности, образованието како дел од современото општество, образованието и социјалните нееднаквости, но и актуелни образовни проблеми и теми како што е насилството, облици на насилство во училиштата и негова превенција.

Во дванаесеттата глава се анализираат етничките групи, малцинската група како етничка, видови на малцинства, процесите на миграции и формирањето на етничките групи. Формирање на етнички идентитет, дискриминација и најчести облици на дискриминација во современото општество, предрасуди, сегрегација, мултикултурализам и интеркултурализам. Оваа глава ни овозможува да го разбереме комплексниот пејзаж на етничките групи и малцинствата во општеството, како и предизвиците и можностите што произлегуваат од нив. Во целост се обединуваат теоретските пристапи со практични примери за да се стекне длабоко разбирање за улогата и влијанието на етничките групи во современите општества.

Во последната глава се истражуваат родот и полот како комплексни концепти во општеството. Се анализираат различните теоретски пристапи кои ги објаснуваат родовата дискриминација и нееднаквостите во општеството од функционалистичката теорија, теорија на конфликт, феминистички теории, радикален феминизам до марксистичка теорија за родовата нееднаквост. Посебно се разгледува влијанието на културата врз половото однесување и формирањето на нови форми на сексуална ориентација. Се истражуваат различни аспекти на родовиот и сексуален идентитет и како тие се формираат и менуваат во различни културни контексти.

Оваа глава ни овозможува да ги разбереме динамиките на родовата и сексуалната нееднаквост, како и различните фактори кои влијаат врз нив.

Преку ваквиот начин на обработка на социолошките поими и предизвици сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ја разберат суштината на предметот, како и преку обработка на различните методи и техники кои оваа анализа ги користи и она што е посебно важно, преку илустративните примери, да можат практично да ја осознаат техниката на согледување, анализирање и истражување на општеството, општествената стварност и феномени, нивните структури и нивната еволуција во конкретен општествен контекст.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот „Социологија" од д-р Даниела Коцева претставува сеопфатна целина на содржини поврзани за општеството. Авторот направил успешна комбинација на теоријата и аспектот на проблематиката, кој допрва произлегува како предизвик пред современото општество, со цел да ја доближи предметната содржина до студентите и да им помогне да научат како да применуваат анализа на актуелни и мултидимензионални општествени феномени.

Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на содржините, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа.

Учебникот е создаден со голема вештина и длабока стручност, што му овозможува на читателот да се впушти во длабокото разбирање на сложените социјални структури и процеси, а воедно ги подготвува и за примената на социолошките концепции во практични ситуации и истражувачки проекти. Ова е суштинскиот придонес на авторот кон развојот на социологијата како научна област и кон развојот на студентите како будни аналитичари на социјалната реалност.

На останатите заинтересирани лица, учебникот „Социологија" ќе им биде од голема помош во нивната секојдневна работа. Тој ќе им го олесни разбирањето и имплементацијата на новите поими, принципи, методи и техники за работа, притоа збогатувајќи ги со најновите сознанија и трендови во областа на социологијата.

Учебникот на д-р Коцева е еден од оние кои не само што образуваат, туку и инспирираат, отворајќи нови перспективи и поттикнувајќи критичко

размислување кај читателите. Од таа причина, уверени сме дека издавањето на овој учебник ќе биде од огромна вредност за сите кои се занимаваат со проучување на општеството и неговите сложени динамики. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му предложиме учебникот со наслов „Социологија" од д-р Даниела Коцева да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Марија Ташева, редовен професор, с.р.
Д-р Страшко Стојановски, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ТЕХНИКИ НА ЦРТАЊЕ” ОД АВТОР ВОН. ПРОФ. М-Р ЈОРДАН ЕФРЕМОВ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302-53/7 од 161. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 4.3.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- м-р Антони Мазневски, редовен професор на Факултет за ликовни уметности, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- м-р Жанета Вангели, редовен професор на Факултет за ликовни уметности, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ТЕХНИКИ НА ЦРТАЊЕ**” **од автор вонреден професор м-р Јордан Ефремов**, наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е „**ТЕХНИКИ НА ЦРТАЊЕ**“ **–** учебник**.** Предметот е со назив Техники на цртање и се слуша во I (прв) семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 2+2+1, застапен во студиската програма Дизајн и технологија на текстил и облека и во студиската програма Дизајн на текстил и облека (2+1+1) во I (прв) семестар како изборен факултетски предмет. Материјалот кој е опфатен во учебникот е во согласност со Наставната програма за предметот Техники на цртање и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 160 страници, А4 формат, со нормален проред. Поради неопходноста од визуелна презентација и во интерес на презентираниот пишан материјал, во ракописот се поместени 197 фотографии. Обемот на ракописот за учебник по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Претходно е објавена скрипта со ист наслов од истиот автор.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во ракописот опфаќа девет поглавја. Во рамките на почетниот дел на скриптата е претставен краток вовед во ликовната уметност и нејзиното значење во развојот и начинот на восприемање на ликовните дела кај личноста, а со тоа и создавање на одреден степен на визуелна култура. Првото поглавје, ја опфаќа поделбата на ликовната уметност, ги опфаќа ликовните дисциплини и ликовните подрачја, го опфаќа цртежот како самостојна ликовна дисциплина, но и цртежот како фундаментален дел од сите дисциплини кои припаѓаат на ликовната уметност: сликарството, вајарството, графиката, архитектурата и применетата уметност т.е. дизајнот.

Го опфаќа развојот на цртежот низ историјата, како самостојна и значајна ликовна дисциплина. Ги опфаќа ликовните и дизајн елементи и принципи, кои се фундамент на ликовната уметност и на дизајнот, како интегративен дел од ликовната уметност. Најпрво ја опфаќа линијата како основен ликовен елемент и фундамент кај цртежот и нејзините видови: контурна, структурна и текстурна линија. Ги опфаќа функцијата, содржината и карактерот на линијата. Во второто поглавје на јасен и прегледен начин од страна на авторот се опфатени техниките на скицирање, како и основните постапки при скицирањето чекор по чекор, како почетна фаза во цртањето. Ова поглавје ги опфаќа техниките т.е. вежбите на скицирање со графитен молив: цртање на вертикални, хоризонтални, дијагонални, цик-цак линии, брановидни линии, концентрични кружни линии, испрекинати линии, создавањето на шаблони, користејќи различни видови на линии. Го опфаќа концептот на поедноставување на сложените форми во основни, создадени со линија. Ги опфаќа, исто така, правилата на композиција. Ги опфаќа основните алатки за скицирање, видовите на графитни моливи, видови на специјализирани пенкала за скицирање, ги опфаќа различните видови на хартија за скицирање и средства за отстранување на линии. Во третото поглавје се опфатени линиските техники на цртање со моливи. Теоретски, но и со јасни, прегледни практични примери, опфатени се линискиот цртеж, цртежот со тонска вредност, техниката на маркирање со линија, опфатени се основните техники и начини на цртање, како што се: шрафирање, вертикално, хоризонтално, закосено, радијално, експресивно, како и вкрстено шрафирање. Ова поглавје ги опфаќа шаблоните создадени со проткајување на линиите. Го опфаќа таканаречениот „Зентенгл метод" на цртање, т.е. таканаречените „Zentangle forms", форма на дизајн во кој се создаваат визуелни композиции, создадени од сложени линиски дизајни, кои делуваат релаксирачки и медитативно.

Четвртото поглавје е посветено на формата како ликовен и дизајн елемент. Ги опфаќа видовите на форми: природни, технички, геометриски, уметнички форми. Опфатени се дводимензионалните и тридимензионалните форми, како и техниките на обликување на форми со линија. Опфатена е трансформација од дводимензионална во тридимензионална форма. Ова поглавје ја опфаќа формата и нејзината содржина, како и формата и нејзината функција. Особен акцент во ова поглавје е даден на волуменот, т.е. на ликовното трансформирање на формата во дводимензионален простор. Опфатени се техниките на моделација и обликување на форми со линија. Најпрво е прикажано создавањето на дводимензионални форми, а потоа со помош на техники на моделација со светло и сенка со линија, теоретски, но и со одлични практични примери, претставени се техниките на ликовна трансформација на дводимензионалната форма, во тридимензионална т.е. создавање и обликување на основни тридимензионални форми. Опфатен е начинот на перципирање или воочување на предметите во просторот и нивно пренесување во цртежот (да се гледа, да се забележува и да се црта). Опфатена е техниката на создавање на третата димензија или длабочината. Во петтото поглавје е претставена перспективата како ликовен принцип, т.е. систем на цртање во ликовната уметност, односно во цртежот. Опфатени се техниките на создавање на перспектива или илузија на простор т.е. трета димензија или длабочина во цртежот. Опфатени се видовите на перспектива: линеарна перспектива, воздушна перспектива, обратна или инверзивна или превртена т.е. дивергентна перспектива и вертикалната перспектива. Особен акцент е даден

на линеарната перспектива. Теоретски, но и со прегледни практични примери и цртежи, опфатени се линеарната перспектива во една собирна точка, линеарна перспектива во две собирни точки, линеарна перспектива во повеќе собирни точки. Објаснети и образложени се основните правила и принципи според кои се заснова овој систем на линеарната перспектива, а тоа се: гледна точка или видно поле, линија на хоризонт, главна вертикала, главна хоризонтала, главна точка и главен зрак. Во шестото поглавје теоретски и со јасни и прегледни практични примери е опфатен методот на цртање на човечка глава и лице, т.е. цртање на портрет. Објаснета е геометриската конструкција на човечкото лице. Опфатени се пропорционалните карактеристики на човечката глава и лице, т.е. нивните меѓусебни односи, гледани фронтално во Anfas. Понатаму, опфатени се пропорциите на главата во ширина и опфатени се карактеристиките на човечкото лице во профил и полупрофил. Понатаму опфатени се карактеристиките на главата и лице кај жената и разликите во однос на глава и
лице кај мажот. На крајот од ова поглавје е опфатен методот на Лумис, метод за цртање на човечката глава и лице, востановен во сите светски универзитети
за уметност и дизајн. Теоретски и со јасни практични примери, во форма на методот чекор по чекор, претставена е конструкцијата на човечката глава и лице според Лумисовиот метод. Седмото поглавје е посветено на цртање на човечката фигура од чисто ликовен аспект. Опфатени се пропорционалните односи кај фигурата, т.е. опфатена е студија на фигура. Теоретски и со прегледни практични примери, претставена е основната градба или конструкција на човечката фигура. Прикажана е поделба на човечкото тело и неговите основни делови: глава, торзо (торакс) и екстремитети. Опфатена е востановената конструкција на машка и женска фигура од 8 (осум) глави, во нормална стоечка положба, но и во таканаречената контрапост позиција. Прикажани се машката и женската фигура гледани фронтално и одзади. Прикажани се карактеристиките на надворешната линија кај машката и женската фигура. Осмото поглавје го опфаќа цртањето на модната фигура, односно цртање на темелни модни фигури и силуети, т.е. создавање на стилизирана фигура со моден акцент. Теоретски и со прегледни практични примери е претставена постапката на цртање и конструкција на стилизирана модна фигура. Најпрво е опфатена конструкција на основна модна фигура од 8,5, потоа од 9 (девет) и од 10 (десет) глави. Опфатена е постапка на конструкција на модна фигура во асиметрична положба или таканаречена модна поза, но и во контрапост позиција. Опфатена е конструкција на модна фигура во движење. Опфатена е конструкција на стилизирана машка модна фигура од 10 (десет) глави. Опфатено е цртање на стилизирана глава и лице кај модна фигура, како и цртање на стилизирани раце со дланката и прстите. Претставени се карактеристиките при конструкција на детската фигура и нејзините разлики во однос на конструкција на фигура на возрасен човек. Во деветтото последно поглавје се застапени техниките на цртање на повеќе ликовни мотиви, од наједноставни, кон посложени. Од цртање на мртва природа, видови на мотиви при цртање на мртва природа, почнувајќи од геометриски форми, преку секојдневни предмети, сè до растително-вегетативни композиции. Опфатен е пејзажот, како мотив во сликарството. Опфатени се видовите на пејзаж: шумски, речен, морски марина пејзаж, панорама, архитектонски, ведута, руиниран пејзаж, како и надреалниот пејзаж. Опфатени се материјалите и техниките кои најчесто се користат при создавањето на цртеж: мек и тврд молив, метални игли или

метални моливи, јаглен, фломастер, туш и перо, лавиран туш, бајц, моливи во боја, пенкала, мастилни пенкала, пастел, креди во боја. Опфатени се и подлогите погодни за создавање на цртеж. Во текот на целиот пишан материјал, сосема прегледно и јасно, се илустрирани цртежи и фотографии што придонесуваат за подобро визуелно прикажување на материјата.

**ЗАКЛУЧОК**

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот со наслов „Техники на цртање“ – учебник пријавен од авторот вонреден професор м-р Јордан Ефремов е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе им биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет да го прифати рецензираниот ракопис со наслов „Техники на цртање“ – учебник, пријавен од авторот вонреден проф. м-р Јордан Ефремов и истиот да го одобри за користење како учебник, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

М-р Антони Мазневски, редовен професор, с.р.
М-р Жанета Вангели, редовен професор, с.р.

# РЕФЕРАТ НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПОСТИМПЛАНТАЦИСКИ И ПСИХОСОЦИЈАЛНИ ПАРАМЕТРИ ЗА ОЦЕНА НА ПРОГРЕСИЈАТА ВО КОМУНИКАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ КАЈ ДЕЦА СО КОХЛЕАРНИ ИМПЛАНТИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука број 0206-385/2 донесена на 29.4.2024 год., на 86. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип , формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов ***„Постимплантациски и психосоцијални параметри за оцена на прогресијата во комуникациските капацитети кај деца со кохлеарни импланти“*** на англиски јазик ***„Post-implantation and psychosocial parameters for assessment of progression in communication capacities in children with cochlear implants“***, пријавена и изработена од кандидатот **д-р спец. Бесим Зеќири**, студент на трет циклус на студиска програма Невронауки, во состав:

- проф. д-р Сашо Стојчев, претседател, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје;
- проф. д-р Марина Давчева-Чакар, член (екстерен ментор), Универзитетска клиника за уво, нос и грло, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- проф. д-р Ленче Милошева, член (ментор), Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- проф. д-р Весна Петреска-Дуковска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- проф. д-р Антонио Глигориевски, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Комисијата во горенаведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1. **Анализа на трудот**

Докторската дисертација која е пријавена и доставена од страна на кандидатот д-р спец. Бесим Зеќири претставува оригинален труд, кој согласно со програмата на третиот циклус на студии на студиската програма Невронауки е напишан на 124 страници, во А4 формат, со вкупно 33 табели, 3 слики и 65 библиографски единици.

Содржината во трудот ги опфаќа следните поглавја: Вовед; Мотиви и цели на истражувањето; Методи на истражувачката работа; Резултати; Дискусија; Заклучоци; Користена литература.

Табелите се прикажани во делот *Резултати*, со прецизно и детално објаснување на добиените податоци. Даден е детален преглед на табелите и сликите. Докторскиот труд содржи и кратко резиме на македонски и на англиски јазик.

Во понатамошниот тек од овој извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација од аспект на: научен придонес, апликативен придонес, начин на пишување и изнесување на материјалот и конзистентноста.

***Воведниот дел*** од докторската дисертација, како теоретско-емпириска рамка на научното истражување за докторската дисертација, д-р спец. Бесим Зеќири го започнува со давање на преглед на историјата на развој на технологијата на кохлеарен имплант, експерименталниот период и почетниот период на апликација кај група пациенти. Следи подетално определување на слухот, анатомија на Кортиев орган; физиологија на слух, слушни нервни патишта и акустични центри, аудитивен нервен пат; оштетување на слухот, видови оштетувања на слухот, сензоневрална редукција на слухот. Во овој дел преку три слики визуелно се претставени воведните содржини. Во продолжение, преку преглед на современата научна литература, д-р Зеќири нѐ воведува во важноста на кохлеарната имплантација, факторите кои имаат влијание врз кохлеарната имплантација, полека воведувајќи во проблемот на истражувањето на докторската дисертација.

Д-р спец. Бесим Зеќири го започнува истражувачкиот дел со прецизно определување на мотивите и целите на истражувањето. Предвидувањето, како и утврдувањето на придобивките од употреба на кохлеарните импланти кај децата со прелингвална глувост смета дека е од суштинско значење за клиничката нега на пациентите со импланти и за насочување на нови истражувања за рехабилитацијата на глувоста. Евалуацијата на способностите за перцепција на говорот пред и по имплантацијата обезбедува важни клинички информации за напредокот со текот на времето, за потребата од приспособување на нагодувањето на говорниот процесор, за утврдување на целите на слушна рехабилитација и избор на соодветни образовни програми кај деца со кохлеарен имплант.

Долгогодишното клиничко искуство со кохлеарна имплантација на д-р Зеќири побудило мотив за нови научни сознанија за важноста на импактот на низа предимплантациони фактори, како што се возраст, пол, време поминато во глувост, дете родено по ред, степенот на образование на родителите, социоекономскиот статус, предимплантациска и постимплантациската аудитивна вербална комуникација, а не само возраста на имплантација на децата и нивното влијание врз исходот на постимплантациските комуникациски вештини. Основната цел на овој труд е преку современ преглед на кохлеарната имплантација и финалните резултати од рехабилитацијата во Република Северна Македонија да се идентификуваат постимплантациските параметри како акцелератори на успешност на рехабилитацијата на деца со кохлеарен имплант. Како специфични цели се наведени:

- Да се испитаат вербалните способности кај децата корисници на кохлеарен имплант;
- Да се испитаат артикулативните способности кај децата корисници на кохлеарен имплант;
- Да се испитаат способностите на јазично разбирање и јазична продукција кај децата корисници на кохлеарен имплант;
- Да се испита и да се објасни поврзаноста на постимплантациските параметри со трите аспекти на артикулација;
- Да се испита поврзаноста на демографските фактори со прогресијата во комуникациските капацитети на децата со кохлеарен имплант;
- Да се испита поврзаноста на предоперативните фактори со прогресијата во комуникациските капацитети на децата со кохлеарен имплант;
- Да се испита поврзаноста на постоперативните фактори со прогресијата

во комуникациските капацитети на децата со кохлеарен имплант и

- Да се испитаат евентуални предикторски фактори за прогресијата во комуникациските капацитети на децата со кохлеарен имплант.

За реализација на детерминираните цели на својата докторска дисертација, во следното поглавје ***Методи на истражувачката работа***, д-р Бесим Зеќири детално ги презентира: дизајнот на истражувањето, техниките и материјалите на истражувањето, истражувачката постапка, хипотетската рамка, методи на истражувањето, критериуми за учество во истражувањето, популација и примерок на истражувањето, инструменти на истражувањето, варијабли на истражувањето. Студијата е ретроспективна-проспективна со аналитичко-проспективен пристап. Во истражувањето се вклучени 40 педијатриски пациенти со вграден кохлеарен имплант од Република Северна Македонија, со просечната возраст 9,20 години со отстапување од 2,76. Најмладиот пациент има 6 години, а најстариот 15 години. Најмногу од пациентите се на 6-годишна возраст. Заради специфичноста на темата која вклучува повеќе аспекти на говорните и комуникациски капацитети на овие пациенти, користени се техника на тестирање и анализа на документација (оториноларинголошки, невролошки, педијатриски, аудиолошки и психолошки наоди). Како инструменти за тестирањето служеа пет тестови: Развојна скала по Рејнел III, Комуникациска развојна скала Корање, Средна должина на исказот, Peabody III и Тест за испитување на артикулација – базиран на Глобалниот артикулациски тест. Децата се пациенти на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје, од каде што беше добиена етичка согласност за спроведување на истражувањето. Децата се претходно испитани на Клиниката за уво, нос и грло – Скопје и истите ги задоволуваат критериумите за учество во студијата од повеќе аспекти. Тестирањето беше реализирано во текот на 2022 и 2023 година. Секоја рехабилитациска сесија вклучува активности дизајнирани да го поттикнат развојот на вештините за слушање и говорење на детето, како и тековно оценување во текот на активностите за приспособување кон рехабилитациските цели. Во прилог на сеопфатниот пристап на истражување на докторандот д-р Зеќири, зборува и делот за ограничувањето на истражувањето.

За статистичка обработка на резултатите е користена програмата SPSS.

Во поглавјето ***Резултати*** докторандот д-р спец. Бесим Зеќири ги систематизира резултатите од своето истражување и истите прегледно, концизно ги презентира во 33 табели, во осум одделни анализи. Резултатите и заклучоците од научното истражување д-р Бесим Зеќири ги претставува на концизен и разбирлив начин.

Докторандот д-р Зеќири ги анализира и претставува резултатите во осум посебни целини, наведувајќи ги и посебно прегледно по наслови.

Првата се однесува на примерокот и ги презентира карактеристиките на децата со кохлеарен имплант, како и постигнатите резултати во говорот. Следните три анализи се однесуваат на трите зависни варијабли - синтаксичкиот развој, рецептивниот и експресивен говор и артикулативниот статус на децата. Анализите прво вклучуваат дескриптивни статистики, согласно испитуваниот аспект на комуникациските капацитети и испитување дали разликите во постигањата на децата се статистички значајни, па потоа се испитани врските и влијанијата на предоперативните и постоперативните фактори за постигањата на децата во говорот. Петтиот и шестиот дел од анализата ги испитуваат врските помеѓу факторите и испитуваните аспекти на комуникациските капацитети,

додека седмиот дел разработува три модели за предикција на прогресијата во комуникациските капацитети кај педијатриските пациенти со кохлеарен имплант. Последниот сегмент од квалитативната анализа е насочен кон испитување на точноста на хипотезите.

Д-р Зеќири ги прикажува резултатите од своето истражување на јасен, концизен и преглед начин, тестирајќи ги хипотезите и остварувајќи ги целите на научното истражување, со можност да се изврши повторна верификација на некои од нив, но и да се стекнат некои нови сознанија што имаат научно-теоретско и практично значење за појавата.

Делот ***Дискусија*** претставува интегрирана целина во која д-р Бесим Зеќири успешно ги сублимира и дискутира добиените резултати, компарирајќи ги со референтни наоди од светски истражувања. Во овој дел добиваме јасна слика за теоретско-емпириската рамка на истражувањето, методолошкиот дел и секако потврдата на претпоставените хипотези. Во овој дел повторно имаме можност да следиме современи наоди од референтна литература.

Како природен след на овој дел е делот ***Заклучоци***, во кој се претставени серија јасни и концизни заклучоци. Резултатите и заклучоците од научното истражување д-р Бесим Зеќири ги претставува на концизен и разбирлив начин.

- Не постојат значајни разлики во синтаксичкиот развој кај децата според ниту еден предоперативен и постоперативен фактор, но пет фактори значајно корелираат со остварениот синтаксички развој. Предоперативни се: полот, дете по ред во семејството, степенот на образование на родителите, времето поминато во социјална интеракција и периодот на рехабилитација пред кохлеарната имплантација. Од анализираните постимплантациски фактори со синтаксичкиот развој сигнификантно корелира само вкупниот период на рехабилитација.
- Во однос на рецептивниот и експресивен говор постојат разлики според предоперативни фактори: возраст на кохлеарна имплантација, период на глувост, семејни приходи и период поминат на рехабилитација пред кохлеарната имплантација, додека од постимплантациските фактори само според времетраењето на целокупната рехабилитација. Од предимплантациски фактори со степенот на рецептивен и експресивен говор кај децата со кохлеарен имплант корелираат значајно: возраста на кохлеарната имплантација, времето поминато во глувост, периодот на рехабилитација пред имплантацијата и приходите во семејството. Од постимплантациските фактори кои ги земавме предвид за ова истражување, само вкупното време на рехабилитација (пред и по операцијата) е сигнификантно поврзано со постигањата во говорот.
- Артикулативниот статус кај децата се разликува според возраста на кохлеарната имплантација, висината на приходите во семејството, времето кое детето го поминува во интеракција, времето на рехабилитација пред имплантацијата и вкупниот период на рехабилитација.

Од предоперативните фактори, артикулацијата значајно корелира со полот на детето, со средината на живеење, кое дете е по ред родено во семејството, возраст на имплантацијата, времето на рехабилитација пред имплантацијата, приходите во семејството и социјална интеракција. Од постимплантациските фактори значајно е само вкупното времетраење на рехабилитацијата на децата. Резултатите потврдуваат дека трите испитувани аспекти на говорот кај децата со кохлеарни импланти се значајно поврзани меѓу себе.

- Педијатриските пациенти со кохлеарни импланти покажуваат различен

степен на синтаксички развој, рецептивен и експресивен говор и артикулативен статус, но сите аспекти на говорот меѓусебно се значајно зависни.

Последното поглавје во докторскиот труд претставува ***Користена литература***, каде што се цитирани 63 библиографски податоци, главно од понов датум, но и базични литературни единици преку кои се добиваат соодветни сознанија за истражувачката актуелност на оваа тематика.

2. **Научен придонес на докторската дисертација**

Докторската дисертација е работена според Правилникот на трет циклус на студии *и во неа постои конзистентност на деловите во рамките на целината.*

Добиените резултати статистички се обработени и презентирани на ефективен, концизен и разбирлив начин.

Заклучоците се конкретни и самите по себе можат да бидат мотив за понатамошни научни истражувања и клинички студии.

Оригиналниот придонес на овој докторски труд е во клиничко-апликативната и научна вредност. Ова е прво научно истражување со ваков предмет и цели на истражување во Република Северна Македонија. Истражувањето е од особено значење за научната и практичната застапеност на овој до сега неистражен проблем во нашата држава што на овој труд му дава значајно општествено и научно вреднување. Сè поголем број деца со сериозно до длабоко губење на слухот имаат кохлеарни импланти. Овој вид на истражувања дава информации за различните потреби, слабости и рехабилитациони опции за овие деца, нагласувајќи ја потребата од заеднички мултидисциплиниран пристап за планирање и спроведување на рехабилитација. Одлуките за таквите опции треба да се индивидуализираат и да бидат водени од низа фактори, вклучувајќи ја возраста при имплантација, очекувањата и влијанието на семејството и севкупната социјална средина.

Со овој докторски труд, докторандот д-р Бесим Зеќири даде голем научен и апликативен придонес, бидејќи ги идентификува предоперативните и постоперативните фактори од кои се условени финалните резултати на кохлеарната имплантација во Р. Северна Македонија, како современ метод за прв пат воведен во 2006 год. Овој е прв труд во нашата земја во кој се вклучени и психосоцијални фактори, со што се отвораат можности за научна и клиничка апликативност, по пример на веќе успешни модели од Хрватска и други земји. Непроценливо е медицинското и социјалното влијание на кохлеарниот имплант. Од општествена и апликативна перспектива им нуди можност на деца со прелингвална глувост и постлингвална глувост кај возрасни лица да осетат слух, а со тоа да се вклопат во социјалниот свет. Успешната кохлеарна имплантација, но и рехабилитацијата ја отвораат вратата за децата да се интегрираат во редовниот образовен систем.

Клиничката апликативност се огледа во нудење на научна основа за подобар персонализиран третман и изработка на програми за подобро и навремено психоедуцирање и процес на рехабилитација.

3. **Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

По запишувањето на докторските студии, а пред одбраната на докторската дисертација, д-р Бесим Зеќири ги објавил следните рецензирани научни трудови:

1. Zeqiri, Besim and Simonovska, Valentina and Miloseva, Lence (2023) *Mental Health among children and youth in the Skopje Region for the year 2021.* Medical Journal

- Medicus, 28 (1). pp. 73-78. ISSN 1409-6366

2. Zeqiri, Besim and Miloseva, Lence (2023) [Rehabilitation impact on the articulation of children with a cochlear implant.]() International Medical Journal Medicus, 28 (2). pp. 216-224. ISSN 1409-6366 Линковите водат до Репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев", Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов ***„Постимплантациски и психосоцијални параметри за оцена на прогресијата во комуникациските капацитети кај деца со кохлеарни импланти***, пријавена и изработена од кандидатот д-р спец. Бесим Зеќири и донесе заклучок дека истата претставува самостоен научен труд, со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги исполнува сите условите за изработка на докторска дисертација. Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов ***„Постимплантациски и психосоцијални параметри за оцена на прогресијата во комуникациските капацитети кај деца со кохлеарни импланти"*** пријавена и изработена од докторандот **д-р спец. Бесим Зеќири** и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Сашо Стојчев, претседател, с.р.
Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Проф. д-р Марина Давчева-Чакар, член (екстерен ментор), с.р.
Универзитетска клиника за уво, нос и грло, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Проф. д-р Ленче Милошева, член (ментор), с.р.
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Проф. д-р Весна Петреска-Дуковска, член, с.р.
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Проф. д-р Антонио Глигориевски, член, с.р.
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| ФТБЛ | Бр.0206-416/2 од 20.5.2024 г. | „Туристичките потреби и бенефити од СПА услугите на бањите во Република Северна Македонија“ | „Tourist needs and benefits from the SPA services of the baths in the Republic of North Macedonia“ | интерен ментор проф. д-р Нако Ташков; екстерен ментор проф. д-р Тахири Алберта | Евгенија Марковска |
| | Бр.0206-416/3 од 20.5.2024 г. | | | интерен ментор проф. д-р Ивона Ковачевска; екстерен ментор проф. д-р Лидија Поповска | м-р Цевад Кицара |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| **Билтен 3.6.2024 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 1. Криминолошки аспекти на насилството во бракот и партнерските односи | 1102-83/18 од 15.5.2024 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Никола Лазаров |
| | 2. Критички осврт врз законските и институционалните рамки за борба против корупцијата на Северна Македонија | 1102-83/19 од 15.5.2024 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Владимир Георгиев |
| **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА** | 3. Присутноста, улогата и примената на музичкиот инструмент тамбура во пределот Кичевија | 1402-61/6 од 20.5.2024 год. | Проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска | Влатко Миладиноски |